РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-97/1
04.01. 2024 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, и "Службен весник на РСМ" бр. 89/22, 171/22 ), Градоначалникот на Општина Велес, на ден 04.01.2024 година донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Предлог планска програма за изработка на Детален урбанистички план за дел од УБ 34, УЕ 5 (Централно градско подрачје), КО Велес, Општина Велес, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ Предлог планска програма за изработка на Детален урбанистички план за дел од УБ 34, УЕ 5 (Централно градско подрачје), КО Велес, Општина Велес, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Локацијата на планскиот опфат се наоѓа во централниот дел од Велес, во К.О. Велес. Планскиот опфат опфака дел од Урбан блок 34 според ГУП на град Велес (одлука бр.0701-2035/2 од 30.05.2006г), со намена: А – ДОМУВАЊЕ (А1 – Домување во куќи), Д – зеленило, рекреација и мемоирални простори (Д1 – градби од живо зеленило) Е – ИНФРАСТРУКТУРА (Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури).
- Од анализата на постојната состојба се констатира дека планскиот опфат со површина од 4.66ха., претставува блок кој веќе е целосно изграден, при урбаната обнова се дозволува градба на соодветна градба и во градежни парцели, кои се помали од пропишаните, а воедно процентот на изграденост и коефициентот на искористување ќе бидат соодветни на големината на градежната парцела. Изградените градби, евидентирани во постојната состојба максимално се почитувани и вклопени во планот со дефинирани парцели и обезбедени пристапи до нив..

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС

Изработил: Рајна Игновска Наунчев
Одобрил: Петре Цилаков

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Предлог планската програма за изработка на Детален урбанистички план за дел од УБ 34, УЕ 5 (централно градско подрачје), К.О. Велес, општина Велес |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам - Општина Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Трајче Грков диа, ДПТУ "ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" Трајче ДООЕЛ, извоз-увоз КАВАДАРЦИ |
| Назив на работното место | Урбанистички планер |
| Контакт податоци за лицето | ДПТУ "ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" Трајче ДООЕЛ, извоз-увоз КАВАДАРЦИ<br>ул.Народна младина бр.3 Кавадарци,<br>Тел/факс 389 43 400 600 тел. 410 610 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.С.М." број 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.С. М." бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот. Извод од ГУП на град Велес (одлука бр.0701-2035/2 од 30.05.2006г.), Извод од ГУП на град Велес-Изменување и дополнување на основна сообраќајна мрежа (одлука бр.07-4887/1 од 07.10.2008г). |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Планската документација за просторот кој го опфаќа ДУП со намена: А – ДОМУВАЊЕ (А1 – Домување во куќи), Д – зеленило, рекреација и мемориални простори (Д1 – градби од живо зеленило), Е – ИНФРАСТРУКТУРА (Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури) се однесува за дел од УБ 34, УЕ 5 (централно градско подрачје), К.О. Велес, Општина Велес. Се работи за локација која постои во ГУП на Општина Велес. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да, просторно и урбанистичко планирање, донесување на ДУП. |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Големината на опфатот изнесува 4.66ха. Во планскиот опфат на Детален урбанистички план (плански период 2021-2026), општина Велес, согласно член 75, 76 и 77 од Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.Северна Македонија" бр. 225/20), планирани се следните класи на намени: А – ДОМУВАЊЕ (А1 – Домување во куќи), Д – зеленило, рекреација и мемориални простори (Д1 – градби од живо зеленило), Е – ИНФРАСТРУКТУРА (Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури). |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Цел на изработка на Детален урбанистички план за дел од УБ 34, УЕ 5 (централно градско подрачје), К.О. Велес, општина Велес (плански период 2021-2026), општина Велес е поставување на урбанистички концепт и давање насоки за идниот развој на градот, заради создавање услови за планирање на организирани простори и изградба на објекти, согласно важечката законска и подзаконска регулатива, како и |

| |
|---|
| вклопување на објектите со утврден статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти за најниската, ранлива, социјална категорија на граѓани. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2021-2026 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5 |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Границата на планскиот опфат на Детален урбанистички план за дел од УБ 34, УЕ 5 (централно градско подрачје), К.О. Велес, општина Велес е дефинирана по дел од оските на улиците: „Крали Марко", „Крушевска", „248", „Вељин Шојлов", „Титова Ужичка", „Кузман Јосифовски", „Плоштад Којник", „Васил Ѓоргов" и „Петре Алчев". Границата на опфатот е дефинирана: - На северната страна границата на планскиот опфат започнува од дел од оската на КП бр. 10319, односно дел од оската на постоечката улица „Крали Марко" и се движи кон север каде продолжува кон оската на КП бр. 10320/1, односно по оската на улица „Крушевска" каде продолжува кон југ до источната страна. - На источната страна границата на планскиот опфат се движи кон југ по оската на КП бр. 4611, односно по улица „248" се до оската на КП бр. 10363, односно по улица „Вељин Шојлов" каде се движи кон запад кон дел од оската на КП бр. 10365, дел од оската на улица „Титова Ужичка" каде продолжува кон јужната страна. - На јужната страна границата на планскиот опфат започнува од дел од оската на КП бр. 10317, односно дел од оската на улицата „Кузман Јосифовски" и продолжува кон запад се до дел од оската на КП бр. 10367, односно дел од оската на улицата „Плоштад Којник", движејќи се кон југ, па продолжува кон север каде се движи кон западната страна. - На западната страна границата на планскиот опфат започнува од дел од оската на КП бр. 10317, односно дел од улицата „Васил Ѓоргов", движејќи се кон север се до дел од оската на КП бр. 10318, односно дел од оската на улицата „Петре Алчев", која продолжува кон север се до КП 10319 на северната страна. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Планскиот документ нема новодефинирани намени и со постојната инфраструктура нема да има дополнителни влијанија врз животната средина од причини што при анализа на постојната состојба се констатира дека планскиот опфат како намена веќе егзистира зоната за домување со станбени куќи, комунална супраструктура, електро енергетика и ПТТ инсталации.<br>Планскиот капацитет е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт. Во просторна организација на едно урбано подрачје потребно е да се вградат минатото, сегашноста и иднината, а тоа диктира создавање на населба за задоволување на животните и општествените потреби на населението, обезбедување на заштита од бучава и прашина со широко отварање према околниот пејсаж, зеленило и сонцето. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Времетраењето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни само во фаза на изградба на објекти, со мал интензитет заради природата на дејностите кои се одвиваат во нив. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на проектни содржини- домување и инфраструктура не спаѓаат во група на дирктни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Во планскиот опфат се предвидени објекти со намена домување во станбени куќи, при што не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, а на третираниот плански опфат опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари со планираните урбанистички решенија во планскиот опфат и предвидената примена на техничките нормативи при понатамошна фаза на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област | Планскиот опфат за кој се изработува Предлог планска програма за изработка на Детален |

| | |
|---|---|
| и големината на популацијата која ќе биде засегната). | урбанистички план за дел од УБ 34, УЕ 5 (централно градско подрачје), К.О. Велес, општина Велес е со површина од 4,66 ха. Број на евидентирани градби за дмување е 148, број на жители 623, број на домаќинства 178, просечен број на членови во дно домаќинство 3.5, густина на населеност (во однос на површината за домување 54 ж/ха) |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, комплетна уреденост на просторот со што се овозможуваат услови за урбанизација. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство констатира дека согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), потребно е да се контактира НУ Национален Конзерваториски Центар Скопје, со цел да се изврши увид и да се пристапи кон изработка на заштитно конзерваториски основи за предметниот опфат.<br>Од НУ Национален Конзерваториски Центар Скопје добиено е мислење со бр. 08-194/4 од 08.05.2023 год., за ДУП за УБ 34, УЕ 5, (Централно градско подрачје) К.О. Велес, Општина Велес, во кое се констатира дека во опсег УБ 34, УЕ 5, Централно градско подрачје, Горен Коњух, нема стари археолошки градби, т.с. куќи кои се ставени под заштита на законот. Исто така нема археолошки наоѓалишта, кои се заштитени со закон (како национални добра). Во мислењето има напомена: "Доколку при копање се наиде на археолошки предмети (керамика и др.) фирмата е должна да ги извести институциите за заштита на културното добро. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Вкупното земјиште од планскиот опфат представува градежна парцела, односно парцелираното градежно |

| | |
|---|---|
| | земјиште за поединечно градење и употреба. Истото служи за изградба на градби и контрола на наменската употреба на земјиштето. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Со изработка на Детален урбанистички план се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат. Изградбата на новопредвидените градби во рамките на површините на градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко-техничка документација од надлежен орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Во зоната се потврдуваат постоечките објекти на комунална супраструктура, комунална инфраструктура, објекти за домување во станбени куќи, како и заштитно зеленило. Во дефинирање на просторната организација на планот важно е дефинирање на сообраќајната мрежа, потребите за енергија, водоснабдување, одведување на урбани отпадни води преку почитување на законската регулатива. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот, инфраструктурна доопременост, а со негово имплементирање не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина. | |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Не се очекуваат значајни еколошки проблеми затоа што согласно ДУП се предвидени инфраструктурни инсталации и семејни куќи. Влијанието на животната средина се однесува на правилно управување со отпадот и одведување на отпадните урбани води, но тие се опфатени во воспоставениот систем за управување со отпад и отпадни води на ниво на Општина Велес. | |

| |
|---|
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ и во корелација со постоечкиот ГУП. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите можни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавање на одобренија за градење со обезбедување на услови за контрола на влијанијата. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |

| | |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Велес<br>Марко Колев |
| Датум 04.01.2024<br>Место Велес | М.П. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС